АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

Врз основа на член 158-ѕ точка 1) од Законот за супервизија на осигурување-пречистен текст (“Службен весник на Република Македонија” бр. 30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 (“Службен весник на РМ” бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 (“Службен весник на РМ” бр. 60/2012), Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 (“Службен весник на РМ” бр. 64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011 (“Службен весник на Република Македонија” бр.23/2013) а во врска со точка 5, подточка 5.5. од Прилогот кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви (“Службен весник на Република Македонија” бр.158/2010, 169/2010 и 41/2011), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница донесе

# О Д Л У К А
## за износот на максималната каматна стапка при пресметка на математичката резерва

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува износот на максималната каматна стапка која друштвата за осигурување се должни да ја применуваат при пресметка на математичката резерва согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви.

**Член 2**

(1) Каматната стапка која се користи при пресметка на математичката резерва за договорите на осигурување склучени после 1.1.2014 година не смее да биде поголема од 3%.

(2) Каматната стапка за пресметка на математичката резерва после 31.12.2015 година (вклучително со 31.12.2015), за договорите за осигурување кои се склучени пред 1.1.2014, не смее да биде поголема од 3%.

**Член 3**

(1) По исклучок на член 2 став (2) од овој член, каматната стапка за пресметка на математичката резерва за договорите на осигурување кои се склучени пред 1.1.2014 година, може да биде поголема од 3% само доколку друштвото добие согласност од Агенцијата, а врз основа на претходно доставен, потполно

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

документиран тест за адекватност на обврските (LAT тест), од кој е видно дека издвоената математичка резерва е доволна за долгорочно исполнување на обврските по однос на оваа група на договори за осигурување.

(2) Барањето за користење на поголема каматна стапка од каматната стапка пропишана со член (2) од оваа одлука, треба да биде доставено до Агенцијата најдоцна 3 месеци пред датумот за кој се бара да се изврши пресметката на математичката резерва со поголема каматна стапка.

(3) Тестот за адекватноста на обврските од став (1) на овој член треба да биде потпишан од овластен актуар.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

Во Скопје, **Претседател на Совет на експерти,**

На ден 28.11.2013 година д-р Климе Попоски